# Иднината на вашето дете - Описменување и развивање способности за сметање и математика во австралиските училишта

Драг родителу,

Описменувањето и развивањето на способностите за сметање и математика се најважните темели што им се потребни на нашите деца во текот на нивното школување. Овие способности се важни за да се осигури нашите млади граѓани да може целосно да учествуваат во австралиското општество штом ќе завршат со школувањето.

Главната одговорност на луѓето во државните органи, на учителите и на нас, како родители, е да се погрижиме нашите деца добро да ги научат овие способности.

Родителите, како први учители на нашите деца, во овој потфат се важни партнери со учителите на училиште. Ете зошто ви пишувам вам - да споделам со вас што прават сојузните државни органи за да се подобрат способностите за писменост, сметање и математика на сите ученици, особено на оние кои имаат посебни тешкотии и тегоби.

Се надевам дека овие информации ќе ви бидат корисни.

Ваш искрен,

Доктор Брендан Нелсон
Министер за образование, наука и обука

## Вовед

## Што е тоа писменост? Што е сметање и математика?

Писменоста е способност да се чита, пишува, зборува и слуша на еден јазик кој им овозможува на луѓето да комуницираат еден со друг и да го сфаќаат светот околу себе.

Способностите по сметање и математика ни помагаат да ја користиме математиката ефикасно за да одговориме на секојдневните потреби дома, на работа и општо во општеството.

Тие способности исто така ни помагаат да научиме за светот и да го разбираме.

Тоа значи да бидеме писмени и да имаме способности за сметање и математика во чекор со светот што се менува.

Во денешно време, на пример, децата треба да користат нови технологии како што се компјутерите, интернет и калкулатори, а исто така да читаат книги и да пишуваат за разновидни теми.

## Какви беа постигнувањата на австралиските ученици?

Во изминатите неколку години во Австралија беа спроведени две национални истражувања за да се подобрат писменоста и способностите за сметање и математика на нашите ученици.

*Националното истражување за писменоста по англиски во училиштата (*National School English Literacy Survey*)*, спроведено во 1996 година, ни создаде добра слика за достигнувањата во однос на писменоста на учениците во австралиските училишта. Истражувањето се вршеше кај деца во трето и петто одделение, главно на возраст од 8 и 10 години. Резултатите покажаа дека вознемирувачки голем број - околу 27% од учениците во трето одделение - не ги исполниле ниту најниските прифатливи стандарди за писменост во тоа време. Истражувањето исто така покажува дека момчињата беа далеку зад девојчињата во однос на нивната писменост и дека многу домородни ученици не можат да читаат ниту да пишуваат на задоволително ниво.

Во 1997 г., Австралискиот совет за истражување во образованието (Australian Council for Educational Research) објави податоци од истражувањата за писменоста и способностите за сметање и математика на ученици од 14-годишна возраст, собирани во текот на 20 години, меѓу 1975 и 1995 г. Податоците од истражувањето покажаа дека:

- опаднал бројот на момчињата (на возраст од 14 години) во деветто одделение кои ги совладуваат основните способности за читање и разбирање на читаните текстови, а настанало зголемување на јазот меѓу девојчињата и момчињата од 3% на 8% во ова подрачје; и
- имаше значајни групи ученици чии способности беа прилично пониски отколку способностите на други ученици, особено ученици во чиј дом не се зборува англиски јазик.

Обете истражувања покажаа дека има итна потреба писменоста и способностите по сметање и математика да се земат како првенствени национални задачи. Сојузната влада одговори на таа потреба.

## Што се работи?

Како и родителите, и Сојузната влада верува во способноста на *сите* ученици и ги презема неопходните чекори да осигури *сите* ученици да ги развијат своите можности и да учествуваат ефикасно во едно демократско општество.

Тоа уверување ја поткрепува предноста што треба да се даде за да се постигнат вистински подобрувања при описменувањето и стекнувањето на способностите за сметање и математика за австралиските деца.

Сојузната влада постојано ја нагласува потребата да се собираат податоци и да се поднесуваат извештаи какви се постигнувањата на учениците во училиштата, особено во главните области како што се писменоста и способностите за сметање и математика, за да осигураме сите ученици да го достигнуваат барем минималниот стандард потребен за напредување во школувањето.

Беа преземени важни чекори на национално ниво за да се осигури да се подобрат стандардите за писменост и способностите за сметање и математика:

- ***Цели на национално ниво*** - беа воспоставени за да се обрати внимание и да се направат напори во подрачја кои се важни за целата нација. Тие цели ја поставија писменоста и способностите за сметање и математика како првенствена задача на Сојузната влада и владите на државите и територииите. Една од целите е:

*Учениците треба да ги совладале вештините за сметање и математика и писменоста по англиски до толкав степен што секој ученик да биде способен да се служи и да ги разбира броевите и математичките операции, да чита и пишува реченици и состави, да ги пишува правилно зборовите и да комуницира на соодветно ниво.*

- ***План за национална писменост и способност за сметање и математика*** - беше воспоставен овој план што ги вклучува следните главни обележја:
  - учителите ги оценуваат сите ученици колку што може порано, уште во почетните години на школувањето;
  - рано помагање на учениците кога ќе се утврди дека имаат тешкотии;
  - поднесување извештаи на национално ниво за постигнувањата на учениците во споредба со утврдени начела; и
  - професионално надградување на учителскиот кадар како поддршка на неговата работа.
- Начела за национална писменост и способности за сметање и математика за трето, петто и седмо одделение - овие начела се минимални стандарди неопходни за да може учениците да напредуваат во школувањето.

  Почнувајќи од 1999 г., постепено беше воведувано оценување според начелата на национално ниво. Во 1999 г. речиси 87% од учениците го достигнаа начелото одредено на национално ниво за читање во трето одделение. Од 2001 г., сите ученици во трето и петто одделение ќе бидат оценувани според начелата на национално ниво за писменост и способности за сметање и математика. Сите држави и територии исто така ќе направат проверка на учениците од седмо одделение според начелата утврдени на национално ниво за писменост и способности за сметање и математика.

  Училиштата им поднесуваат извештај на родителите за оценувањето и резултатите што ги постигнал секој ученик. Некои училишта и органи во образованието исто така ќе поднесат извештај за резултатите од оценувањето во споредба со стандардите на национално ниво.
- ***Национална стратегија за писменост по англиски јазик и способност за сметање и математика за домородните ученици*** - оваа стратегија беше објавена во 2000 година, за неа се одвоени 27 милиони долари, стратегијата изложува детален план како да се подобруваат достигнувањата на учениците од домородно потекло.

Родителите се многу важни партнери во учењето на нивните деца и тие имаат право да знаат како напредуваат нивните деца.

Заедницата исто така има право да знае какви се постигнувањата на училиштата и образовните институции и органи.

Од 2001 г., образовните институции и органи ќе мора да поднесуваат извештај според група мерила со кои ќе се утврдува успехот на нивната работа, а тоа значи и какви стандарди се постигнати по писменост и способности за сметање и математика, за да може тие институции и органи и понатаму да добиваат парични средства од сојузните државни органи.

Нагласокот на Сојузната влада во однос на подобрувањето на стандардите за писменост и способностите за сметање и математика во последниве години веќе донесе значајни подобрувања. Податоците собрани на национално ниво за трето одделение по читање, кои беа објавени во март 2000 г., покажаа дека процентот на австралиски ученици во трето одделение што не го постигнуваат минималниот стандард падна од 27% во 1996 г. на околу 14% во 1999 г. Натамошните подобрувања се очекува да бидат соопштени подоцна оваа година, кога ќе бидат објавени оценувањата на писменоста и способностите за сметање и математика на ниво на држава и територија.

## Образование за учителите

Подоброто предавање ќе води кон подобри резултати и постигања за учениците. Иницијативата на Сојузната влада со која се одвојуваат 80 милиони долари, *Учители за 21. век* (Teachers for the 21st Century) ги подобрува способностите и знаењата на учителите во главните области како што се писменоста и сметањето и математиката.

## Финансирање од сојузните државни фондови

Од 1997 г. до 2000 г., Сојузната влада вложи околу 736 милиони долари за да осигури сите ученици, особено оние на кои им е најпотребно, да ги подобруваат своите способности за писменост и сметање и математика. Во текот на следните 4 години (2001-2004) речиси 1.4 милијарди долари од сојузните финансиски средства ќе се одделат за *насочена помош за подобрување на резултатите и постигнувањата на учениците* (Strategic assistance for improving student outcomes programme). Овие финансиски средства првенствено се одвојуваат за подобрување на писменоста и способностите за сметање и математика и помагање на учениците кои се онеспособени.

Сојузните државни органи воведоа Недела на писменоста и сметањето и математиката на национално ниво, со овие активности се признаваат и пофалуваат напорите за описменување и стекнување способности за сметање и математика. Минатата година, финансиски средства од над еден милион долари, тука спаѓаат и 71 награда во готови пари за училиштата кои се истакнаа со постигнувањата по описменување, сметање и математика, беа дадени за да се прослави овој настан. Во 2001 г. Националната недела на писменост, сметање и математика ќе се одржува од 3 до 9 септември, а ќе има и слична парична поддршка од еден милион долари за да се поддржат напорите и достигнувањата за описменување, сметање и математика.

## Што прават училиштата?

Учителите и училиштата продолжуваат да прават големи напори за да се разработат најдобри начини како да се предава по предметите каде што се стекнуваат способности по писменост, сметање и математика. Училиштата кои успеваат во ова подрачје обично:

- ги ставаат писменоста и способностите за сметање и математика како првенствена задача, често внесена и во целосниот план за работа на училиштето;

- осигуруваат да има доволно време секој ден за учење и развивање на способностите за читање, пишување на реченици и состави и точно пишување на зборовите и за развивање на способностите за сметање и математика;
- обезбедуваат прилики за описменување и способности за сметање и математика кои се изучуваат во текот на наставата, за да може овие способности да се користат на разни места и за разни цели;
- се почнува со рано оценување и планирање на материјата што се изучува, за да одговара на посебните потреби на учениците, особено на оние кои тешко ја совладуваат наставата;
- редовно следење и проверување на способностите на учениците;
- градење на силно партнерство меѓу домот и училиштето.

## Што може да сторите како родител

Истражувањата во голема мера покажуваат дека кога родителите учествуваат во образованието на своите деца, тогаш расте мотивираноста и достигнувањето на ученикот.

Најдобриот почеток што може да му го дадете на детето со писменоста и способностите за сметање и математика доаѓа од дома. Тоа се прости секојдневни работи што можете да ги сторите за да го поттикнете детето да станува писмено и да ги совладува способностите за сметање и математика. Можете:

- да ги поттикнете вашите деца да зборуваат за своите искуства;
- да читате заедно;
- да им обрнете внимание дека писменоста и способностите за сметање и математика се одигруваат секој ден околу вашите деца;
- да ги научите децата да бројат и да разбираат различни величини и облици со едноставни работи како што се играчките;
- да читате распореди или карти заедно;
- да сакате да учат математички поими и да ја сознаваат вредноста што можеме сите ние да ја добиеме од помошта на математиката во нашите секојдневни животи;
- да ги цените книгите и учењето и да го поттикнувате вашето дете да ја користи библиотеката за задоволство, а и за да наоѓа информации;
- да одвоите време да разговарате со учителот на вашето дете и редовно да одржувате врски со училиштето на вашето дете, било да е тоа основно или средно училиште.

Родителите и учителите кои соработуваат се најдобрата поддршка на патот кон успехот.

За нашите деца и за иднината на нашата земја треба да соработуваме при овој најосновен предизвик во образованието.

## Додатни информации

Ако сакате да знаете повеќе како да му помогнете на вашето дете, ве молиме прашајте го учителот на вашето дете или директорот на училиштето. Две главни организации за родителите, Австралискиот совет на организации во државните училишта (Australian Council of State School Organisations - ACSSO) и Австралискиот совет за родителите (Australian Parents Council - APC) исто така објавуваат памфлети кои им помагаат на родителите со совети. Информации исто така може да се добијат од следните места на интернет:

DEST http://www.dest.gov.au/schools/Literacy&Numeracy/index.htm
APC http://www.austparents.edu.au
ACSSO http://www.acsso.org.au

Ако сакате повеќе примероци од оваа брошура, ве молиме јавете се во Literacy and Numeracy Clearinghouse на телефон 07 3875 5703.

Оваа брошура исто така се наоѓа на интернет на:
http://www.dest.gov.au/schools/publications/index.htm